## ХЕМИЈА 8 одд

Наставна содржина: **Пробелми со својствата на киселините**

Наставната содржина во учебникот се наоѓа на стр.96-97

Ученици,

За да ја совладате новата наставна содржина погледнете го видеото на следниот линк:

https://www.youtube.com/watch?v=V_8CeFibe6g

Прочитајте ја новата наставна содржина од учебникот на стрена 96 и 97.

Доколку ја совладавте новата наставна содржина одговорете ги прашањата на страна 97 од учебникот. Домашната работа испратете ми ја во приватна порака.

Доколку имате потешкотии во совладувањето на наставната содржина консултирајте ме.

Предметен наставник: Анита Стојанова

ежба 9

# Екстракција на индикатор од цвекл

Лекција 4.15 од учебникот

Овој експеримент ќе ти помогне во логичкото осмислување на експериментот. Учениците ги добиле следниве инструкции за екстракција на индикатор од свежо цвекло. За жал, редоследот е измешан.

**А** Толчи го цвеклото со песок во аван.

**Б** Земи го филтратот и употреби го како индикатор.

**В** Додај малку песок во цвеклото.

**Г** По додавање на песокот, додај мало количество на етанол во песокот и цвеклото.

**Д** Исечкај го цвеклото на мали парчиња.

**Ѓ** Кога цвеклото е издробено, исфилтрирај ја смесата.

**1** Подреди ги чекорите во правилен редослед.

Правилниот редослед е ____________________

**2** Нацртај ја апаратурата за филтрација.

Вежба 10

# Квиз со индикатори

Лекции 4.14 до 4.16 од учебникот

Употреби ги зборовите дадени во квадратот и одговори на загатките.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| лимон | киселини | натриум хидроксид | неутрален | |
| индикатори | универзален | цвекло | портокалова | бази |
| сина | хлороводородна | лимонска | црвена | зелка |

Растворот на амонијак е слабо алкален и го обојува универзалниот индикатор ______

Ова овошје е кисело. ______

Ако универзалниот индикатор се обои зелено, тогаш растворот мора да е ______

Бојата на универзалниот индикатор во јаки киселини. ______

Оваа киселина има формула HCl. ______

Супстанци што ја менуваат бојата во кисели или базни раствори. ______

Од оваа репка може да се добие црвен индикатор. ______

Оваа корозивна супстанца е силна база. ______

„У“ во УИ означува ______.

Супстанците што имаат pH вредност поголема од 7 се ______.

**Забелешка од наставникот**

Вежба 11

# Хемиска природа на секојдневни супстанци

**Лекции 4.13 до 4.16 од учебникот**

Кога ги употребуваме супстанците што често ги користиме во домот, треба ја знаеме нивната pH вредност. Ако pH е голема или премногу ниска тогаш таа може да биде штетна. Ако вредноста е близу 7 тогаш таа супстанца е најмалку штетна за нашето тело.

Во овој експеримент, различните супстанци што се користат во домаќинството се тестирани со додавање на универзален индикатор (УИ) и е запишана бојата на индикаторот.

**1** Учениците ја пополниле табелата според палетата на бои дадена подолу.
Пополни ги празните полиња а), б) и в).

| **Боја на УИ** | **Црвена** | **Портокалова** | **Жолта** | **Зелена** | **Сино-зелена** | **Сина** | **Пурпурна** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опсег на pH** | 1-3 | 4-5 | 6 | 7 | 8 | 9-10 | 11-14 |
| **Киселост** | јака киселина | слаба киселина | многу слаба киселина | а) | многу слаба база | б) | в) |

Резултатите од тестирањето на супстанците од домаќинството се прикажани подолу.

| **Супстанца од домаќинството** | киселина од батерија | средство за бришење прозорци | шампон | средство за одзатнување цевки | газиран пијалак | средство за чистење лице | газирана вода |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Боја на УИ** | црвена | сина | жолта | виолетова | портокалова | синозелена | жолта |

**2** Пополни ја табелата подолу.

| **Супстанца од домаќинството** | киселина од батерија | средство за бришење прозорци | шампон | средство за одзатнување цевки | газиран пијалак | средство за чистење лице | газирана вода |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **опсег на pH** | | | | | | | |
| **Киселост** | | | | | | | |

**3** Објасни зошто средството за одзатнување на цевки и киселината од батеријата треба да имаат ознака за опасност  на нивната амбалажа.

______________________________________________

______________________________________________

**4** Зошто шампонот и средството за чистење на лице имаат pH вредности блиsу до неутралните

______________________________________________

______________________________________________

**Забелешка од наставникот**

______________________________________________

______________________________________________